РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАК
REPUBLIKA E MAQEDONISË
Дирекција за технолошки индустриски раз
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike in

Примено: Pranuar:	10-10-2024	
Орг. един. бр.	Број	Прилог Shtojca
05	570/9-3	

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023

и Извештај на независниот ревизор

Сметка за средствата од буџетот на Република Северна Македонија (Сметка 637, раздел 10004)

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 2
Основни финансиски извештаи	
• *Биланс на состојбата*	3
• *Биланс на приходите и расходите*	4
Образложение кон основните финансиски извештаи	6 - 14
Прилог 1 – Полугодишни извештаи за 2023 година	
Прилог 2 – Годишна сметка	

forvis mazars

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО НА
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје

Извештај за финансиските извештаи на буџетската сметка 637, раздел 10004 за средства од буџетот на Република Северна Македонија

Извршивме ревизија на приложените основни финансиски извештаи на буџетската сметка 637 на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје (во натамошниот текст „Дирекцијата"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година и Билансот на приходите и расходите за годината што тогаш завршува, како и образложението кон нив (во понатамошниот текст "финансиските извештаи").

Одговорност на раководството за финансиските извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средства од буџетот на Република Северна Македонија

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија што се во примена во Република Северна Македонија. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Дирекцијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Дирекцијата. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

Основи за мислење со резерва

Како што е обелоденето во Образложението 4 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2023 година, материјалните средства во подготовка изнесуваат 3,987,361 илјади денари. За најголем дел од овие средства процесот на изградба бил завршен и истите биле ставени во употреба, меѓутоа Дирекцијата се уште била во процес на комплетирање на потребната правна документација од релевантните институции, неопходна за соодветно сметководствено евидентирање на овие средства. Како резултат на природата на сметководствената евиденција на Дирекцијата, ние не бевме во состојба да го утврдиме износот на потребните корекции во финансиските извештаи на материјалните средства во подготовка, амортизацијата и изворите на средства на 31 декември 2023, како и за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО НА
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)

Мислење со резерва

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањето наведено во Основата за мислење со резерва, финансиските извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија ја прикажуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје на ден 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето за годината која тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија, Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници, како и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и останатата применлива регулатива.

Обрнување внимание

Како што е обелоденето во Образложението 4 кон придружните финансиски извештаи, земјиштето во износ од 1,703,825 илјади денари се однесува на градежно земјиште со површина од 7,945,797 м² кое е во сопственост на Република Северна Македонија лоцирано во повеќе технолошко-индустриски зони за кои работите во врска со основањето, управувањето и развојот на зоните ги врши Дирекцијата врз основа на Одлуки за основање на технолошко индустриски развојни зони донесени од страна на Влада на Република Северна Македонија. Дел од наведеното земјиште со површина од 1,588,057 м² било дадено под долгорочен закуп на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, додека остатокот вклучува корисна површина што е во функција на закупениот имот, како и слободни парцели наменети за издавање на корисниците во технолошко-индустриските развојни зони.

Нашето мислење не е модификувано во однос на наведеното прашање.

Останато

Приложените ревидирани основни финансиски извештаи на буџетската сметка 637, раздел 10004 не биле потпишани од страна на в.д. директорот Гоце Димовски бидејќи неговото назначување на функцијата било на 2 јули 2024 година, односно после поднесувањето на годишната сметка на 29 февруари 2024 година.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Дирекцијата е одговорно за подготвување на полугодишните извештаи за 2023 година (прилог 1 кон финансиските извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија) во согласност со Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и Законот за технолошки индустриски развојни зони и истите се прифатени и одобрени од раководството на Дирекцијата. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на полугодишните извештаи за 2023 година со годишната сметка и финансиски извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на Дирекцијата. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што е во примена во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во полугодишните извештаи за 2023 година се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на сметката 637, раздел 10004 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на Дирекцијата за годината што завршува на 31 декември 2023.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Управител

Скопје
8 октомври 2024 година

mazars

Јане Иванов
Овластен ревизор

Основни финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
На 31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

	Белешка	Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
АКТИВА			
Постојани средства			
Нематеријални средства	4	71,027	86,982
Материјални средства	4	7,523,185	6,612,405
		7,594,212	6,699,387
Тековни средства			
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции		337,576	82,404
Активни временски разграничувања	3	383,693	57,951
		721,269	140,355
ВКУПНА АКТИВА		8,315,481	6,839,742
ПАСИВА			
Извори на деловни средства			
Државен-јавен капитал	6	7,594,212	6,699,387
		7,594,212	6,699,387
Тековни обврски	5		
Краткорочни обврски кон добавувачи		321,934	54,359
Обврски спрема вработените		4,404	3,589
Обврски за ДДВ		57,352	-
Пасивни временски разграничувања		337,579	82,407
		721,269	140,355
ВКУПНА ПАСИВА		8,315,481	6,839,742

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2023 година се прифатени и одобрени од раководството на Дирекција на 28 февруари 2024 година.

Гоце Димовски
в.д. Директор

Валентина Лековска
Сметководител

Основни финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
За годината што завршува на 31 декември 2023
(износи во илјади денари)

	Белешка	Година што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
РАСХОДИ			
Тековни расходи			
Трошоци за вработените	8	(48,499)	(42,967)
Стоки и услуги	9	(91,265)	(54,722)
Разни трансфери	10	(867,356)	(763,848)
		(1,007,120)	**(861,537)**
Капитални расходи	11	(937,810)	(658,594)
ВКУПНО РАСХОДИ		**(1,944,930)**	**(1,520,131)**
ПРИХОДИ			
Трансфери од други нивоа на власт	7	1,944,930	1,520,131
ВКУПНО ПРИХОДИ		**1,944,930**	**1,520,131**

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2023 година се прифатени и одобрени од раководството на Дирекцијата на 28 февруари 2024 година.

Гоце Димовски
в.д. Директор

Валентина Лековска
Сметководител

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА
За годината што завршува на
31 декември 2023
(износи во илјади денари)

	Државен-јавен капитал	Вкупно
На 1 јануари 2022	**5,802,210**	**5,802,210**
Нови набавки на материјални средства	3,821	3,821
Материјални средства во подготовка	621,441	621,441
Ревалоризација за годината	390,872	390,872
Акумулирана ревалоризација	(103,455)	(103,455)
Аванси за материјални средства, нето	51,590	51,590
Тековна амортизација	(67,092)	(67,092)
На 31 декември 2022 година	**6,699,387**	**6,699,387**
На 1 јануари 2023	**6,699,387**	**6,699,387**
Нови набавки на материјални средства	11,157	11,157
Материјални средства во подготовка	688,159	688,159
Аванси за материјални средства, нето	278,989	278,989
Тековна амортизација	(81,164)	(81,164)
Нето ефекти од расходување	(2,316)	(2,316)
На 31 декември 2023 година	**7,594,212**	**7,594,212**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје е владина државна институција формирана во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Дирекцијата официјално започна со работа на 15 февруари 2007 година.

Седиште: Булевар Партизански Одреди бр.2 Скопје – Центар, Центар

Дејност: 84.13 – Управување и давање помош за поуспешно деловно работење

Законска рамка
Закон за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23).

Организациони единици
- Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки,
- Сектор за управување со ресурси,
- Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош,
- Одделение за маркетинг и комуникација,
- Сектор за планирање и реализација на проекти и подготовка на зоните,
- Сектор за управување и одржување на зони и односи со корисници,
- Сектор за одобренија за градење и употреба во зоните,

Буџетски корисник
Од 15 февруари 2007 година, Дирекцијата е Буџетски корисник од прв ред, сметка 637, раздел 10004.

Директор

Во текот на 2024 година со Решение бр. 14-5991/2 од 2 јули 2024 година разрешен е дотогашниот вршител на должноста Директор Г-дин Јован Деслотовски, додека со Решение бр. 14-5622/1 од 2 јули 2024 година за , вршител на должноста Директор е назначен Г-дин Гоце Димовски:

Членови на управен одбор

Членови на Управен одбор се:

1) Г-дин Џелил Ахмет – претседател (од 11 мај 2021 година – тековно)
2) Г-ѓа Ширет Елези – потпретседател (од 17 ноември 2020 година – тековно)
3) Г-дин Виктор Андонов – член (од 24 јули 2019 година – тековно)
4) Г-ѓа Јасмина Мајстороска – член (од 18 октомври 2022 година – тековно)
5) Г-дин Пјетро Стерпоне – член (од 2 март 2022 година – тековно)
6) Г-дин Саво Стаковиќ – член (од 2 март 2022 година – тековно)
7) Г-дин Игор Здравески – член (од 2 март 2022 година – тековно)

Надлежности

Дирекцијата ги има следниве надлежности:

- Планирање и развој на зоните и обезбедување на услови за користење на просторот.
- Анализа на локацијата и обезбедува услови за планирање на истата.
- Обезбедување на целокупната соодветна планска документација согласно со закон потребна за основање на зоната.
- Обезбедување на целокупната соодветна проектна техничка документација согласно со закон за изградба и функционирање на зоната.
- Промоција и реклама на зоните и остварување односи со јавноста.
- Привлекување основачи и корисници на зоната.
- Водење евиденција на дејностите во просторот на зоната.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (продолжение)

Надлежности (продолжение)

- Донесување решение за започнување со работа, решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие на корисникот на зоната
- Донесување решение за укинување на решението за започнување со работа решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие на корисникот на зоната.
- Донесување решение за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија.
- Донесување акт за укинување на решението за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија.
- Донесување тарифник за надоместоци за извршени услуги на основачот и тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисникот, за кои Владата на Република Македонија дава согласност.
- Дирекцијата има и други надлежности во согласност со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Дирекцијата ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Правилникот за содржина на одделни сметки во сметководството на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/02 и 98/02 и 175/11), како и според сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија кај буџетите и буџетските корисници, односно Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор на готовинска основа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2005), што се применуваат од 1 јануари 2006 година.

Финансиските извештаи на Дирекцијата се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.2 Признавање на приходите и расходите

Дирекцијата ги евидентира приходите и другите приливи и расходите и другите одливи со спроведување на сметководственото начело на парично искажување. Тоа значи дека приходите и другите приливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположивост. При тоа, приходите се мерливи кога можат вредносно да се изразат на готовинска основа, а се расположливи кога се остварени во пресметковниот период, односно до 31 декември во тековната година.

Расходите и другите одливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

2 ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

2.4 Материјални и нематеријални средства

Материјалните средства на Дирекцијата се состојат од земјиште, градежни објекти, деловен простор, канцелариска и компјутерска опрема и возила, додека нематеријалните средства се состојат од софтвер. Материјалните и нематеријалните средства иницијално се евидентираат по набавна вредност, што потоа се намалува за износот на акумулираната амортизација и одредени оштетувања доколку се утврдени.

Набавната вредност се состои од: куповна вредност, царини, даноци, такси, издатоци за превоз и подвоз, сервисирање и ускладиштување, монтирање, проектни сметки, регистрации и други издатоци кои можат да се додадат на набавната вредност. Набавната вредност се корегира за износите на доградба, реконструкција, адаптација и сл. (инвестиционо одржување). Одделните поправки, преправки, замена сервисирање и слично (тековно одржување), се евидентираат како расходи во Билансот на приходи и расходи.

Амортизацијата се пресметува со користење на праволиниска метода на отпис која доследно се спроведува од година во година.

2.5. Побарувања

Побарувањата се прикажани според нивната номинална вредност. За стари и сомнителни побарувања се врши исправка или отпис.

2.6 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавувачите се прикажани по нивната номинална вредност. Неизмирените обврски кон добавувачите се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. На крајот на периодот за известување на неисплатените обврски им се спротивставуваат побарувања за неисплатени обврски искажани на активни временски разграничувања.

2.7 Плати и надоместоци за плати

Дирекцијата учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

2.8 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Дирекцијата се подготвени врз основа на принципот на континуитет и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

2.9 Јавни набавки

Дирекцијата ги извршува набавките во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21) како и сите подзаконски акти (одлуки, уредби, правилници, тарифници и кодекс на однесување).

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

3. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Пренесени обврски за плата и придонеси	4,407	3,592
Пренесени обврски кон добавувачи	65,507	14,704
Пренесени обврски за државна помош	216,772	-
Пренесени обврски за ДДВ за периодот	57,352	-
Пренесени обврски за задржани депозити	39,655	39,655
	383,693	**57,951**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

4. МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Земјиште	Градежни објекти	Опрема, канц. мебел и возила	Аванси за материјални средства	Материјални средства во подготовка	Вкупно	Нематеријални средства (софтвер)
Набавна вредност							
На 1 јануари 2022	1,703,825	1,643,590	165,823	-	2,677,761	6,190,999	136,042
Набавки	-	-	3,821	63,162	621,441	688,424	-
Ревалоризација	-	332,148	35,728	-	-	367,876	22,996
Искористени аванси	-	-	-	(11,572)	-	(11,572)	-
На 31 декември 2022	1,703,825	1,975,738	205,372	51,590	3,299,202	7,235,727	159,038
На 1 јануари 2023	1,703,825	1,975,738	205,372	51,590	3,299,202	7,235,727	159,038
Набавки	-	-	11,157	302,000	688,159	1,001,316	-
Отпис/расходување	-	-	(2,448)	-	-	(2,448)	-
Искористени аванси	-	-	-	(23,011)	-	(23,011)	-
На 31 декември 2023	1,703,825	1,975,738	214,081	330,579	3,987,361	8,211,584	159,038
Исправка на вредноста							
На 1 јануари 2022	-	357,280	120,730	-	-	478,010	46,821
Тековна амортизација	-	42,694	11,073	-	-	53,767	13,325
Ревалоризација	-	68,845	22,700	-	-	91,545	11,910
На 31 декември 2022	-	468,819	154,503	-	-	623,322	72,056
На 1 јануари 2023	-	468,819	154,503	-	-	623,322	72,056
Тековна амортизација	-	51,254	13,955	-	-	65,209	15,955
Отпис/расходување	-	-	(132)	-	-	(132)	-
На 31 декември 2023	-	520,073	168,326	-	-	688,399	88,011
Сметководствена вредност:							
На 31 декември 2023	1,703,825	1,455,665	45,755	330,579	3,987,361	7,523,185	71,027
На 31 декември 2022	1,703,825	1,506,919	50,869	51,590	3,299,202	6,612,405	86,982

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

4. МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (продолжение)

Земјиштето во износ од 1,703,825 илјади денари се однесува на градежно земјиште со површина од 7.945,797 м² кое е во сопственост на Република Северна Македонија лоцирано во повеќе технолошко-индустриски зони за кои работите во врска со основањето, управувањето и развојот на зоните ги врши Дирекцијата врз основа на Одлуки за основање на технолошко индустриски развојни зони донесени од страна на Влада на Република Северна Македонија. Дел од наведеното земјиште со површина од 1,588,057 м² е дадено под долгорочен закуп на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, додека остатокот вклучува корисна површина што е во функција на закупениот имот, како и слободни парцели наменети за издавање на корисниците во технолошко-индустриските развојни зони.

Градежните објекти во износ од 1,455,665 илјади денари се однесуваат на: административни објекти, пристапни улици, сообраќајници и други придружни објекти што се во функција на технолошките индустриски развојни зони, за кои Дирекцијата поседува имотна документација.

Материјалните средства во подготовка во износ од 3,987,361 илјади денари во најголем дел вклучуваат градежни објекти за кои процесот на изградба е завршен и истите се ставени во употреба. Меѓутоа, Дирекцијата е се уште во процес на комплетирање на потребната правна документација од релевантните институции, неопходна за соодветно сметководствено евидентирање на овие средства.

Имено, изградбата во зоните се одвива во фази во зависност од потребите на корисниците и обезбедените средства, при што изградениот дел од инфраструктурните објекти (главните сообраќајници, атмосферска и фекална канализација, водовод) согласно Законот за градење претставуваат нефункционална целина. Оваа состојба предизвикала дел од реализираните инвестициски проекти во зоните во деловните книги на Дирекцијата, да имаат статус на материјални средства во подготовка.

Дирекцијата од надлежното министерство добива одобрение за употреба откако ќе биде изградена целата зона поради што за изградените поединечни делови внатре во зоната не може да се направи технички прием и да се добие одобрение за употреба иако истите се завршени и веќе се употребуваат. Од секторот за планирање и реализација на проекти и подготовка на зоните се прават напори за обезбедување на документација за технички преглед, добивање на одобрение за употреба, како и обезбедување на услови за ставање во употреба на изградените објекти и воспоставување на реална и објективна сметководствена евиденција.

5. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Краткорочни обврски кон добавувачи	321,934	54,359
Обврски кон вработените за бруто плати	4,404	3,589
Обврски за ДДВ	57,352	-
Останати обврски	7,181	-
ПВР – за дадени аванси	330,398	82,407
	721,269	140,355

На 31 декември 2023 година ПВР – за дадени аванси во износ од 330,398 илјади денари (31 декември 2022: 82,407 илјади денари), во најголем дел се однесуваат на побарувања за дадени аванси на ангажираните економски оператори СТЕНТОН ГРАДБА ДОО Битола и МГИ ИНВЕСТ ЛТД ДОО – Скопје и истите согласно договорите се враќаат од секоја месечна времена ситуација при што враќањето ќе започне кога кумулативните вредности на извршените работи ќе достигнат 20%, а целосно ќе биде вратен кога кумулативната вредност ќе достигне 80% од основната вредност на договорот.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

6. ДРЖАВЕН-ЈАВЕН КАПИТАЛ

Структурата и вредноста на државниот-јавен капитал на Дирекција е следнава:

	% структура		во илјади денари	
	2023	2022	2023	2022
Основач со Закон				
Влада на Република Северна Македонија	**100%**	**100%**	**7,594,212**	**6,699,387**

7. ПРИХОДИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Трансфери од други нивоа на власт	1,944,930	1,520,131
	1,944,930	**1,520,131**

8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Плати и надоместоци за плати	34,344	30,427
Придонеси за плати	13,355	11,802
Останати надоместоци за вработените	800	738
	48,499	**42,967**

9. СТОКИ И УСЛУГИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Трошоци за службен пат и останати трошоци	1,000	501
Комунални и комуникациски услуги	1,001	1,000
Ситен инвентар (канцелариски материјали, весници и сл.)	1,001	599
Поправки и тековно одржување	1,000	1,001
Договорни услуги – правни, консултантски, осигурувања и други	1,000	-
Објавување на огласи	3,800	-
Трошоци за неодбитен ДДВ	52,121	50,492
Останато	30,342	1,129
	91,265	**54,722**

Останатите трошоци во износ од 30,342 илјади денари (31 декември 2022: 1,129 илјади денари) се однесуваат на Консултантски услуги со Моравчевиќ Војневиќ и Партнери АОД Белград за изработка на комплетна документација за избор на партнер за Јавно Приватно Партнерство ТИРЗ Гевгелија по број на договор 18881/2022 од 12 јануари 2022.

10. РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Трансфери кон корисници на државна помош во ТИРЗ	861,977	744,603
Главен долг по извршни исправи	127	123
Камата по извршни исправи	5,250	19,114
Трошоци по извршни исправи	2	8
	867,356	**763,848**

11. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Набавка на опрема и машини	40,332	3,821
Реконструкција на градежни објекти	894,928	653,631
Надомест за одземен имот	2,550	1,142
	937,810	**658,594**

12. НЕИЗВЕСНИ И ПРЕЗЕМЕНИ ОБВРСКИ И НЕИЗВЕСНИ СРЕДСТВА

Судски спорови

На 31 декември 2023, судските постапки покренати против Дирекцијата изнесуваат 121,729 илјади денари (2022: 63,260 илјади денари), од кои за 8,161 илјади денари (2022: 8,121 илјади денари), правните застапници во своите дописи се изјаснија дека судските постапки ќе завршат на штета на Дирекцијата. Истите се однесуваат на тужби за надомест на имот за експропријација од физички лица од кои е одземен имотот за да се градат ТИРЗ зоните.

Понатаму, за судски постапки против Дирекцијата во износ од 79,616 илјади денари (2022: 20,386 илјади денари), правните застапници во своите дописи се изјаснија дека судските постапки ќе завршат во корист на Дирекцијата. Истите се однесуваат на повеќе одделни тужби.

За останатите судски постапки покренати против Дирекцијата во износ од 33,952 илјади денари (2022: 33,952 илјади денари) кои се однесуваат на определување на надомест за експроприран имот и за нив правните застапници во своите дописи се немаат изјаснето околу нивната проценка за очекуваниот исход.

На 31 декември 2023 година, Дирекцијата има покренато судски постапки против физички и правни лица за наплата на долг во износ од 70,581 илјади денари, од кои за 22 илјади денари правните застапници во своите дописи се изјаснија дека судските постапки ќе завршат во корист на Дирекцијата, додека за останатите судски постапки покренати од Дирекцијата во износ од 70,559 илјади денари, правните застапници во своите дописи се немаат изјаснето околу нивната проценка за очекуваниот исход.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 10004)
31 декември 2023 година

13. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Нема други настани кои бараат корекција или дополнителни обелоденувања во финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година.

14. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември 2023 и 2022 година се следните:

		Во денари
	31 декември 2023	31 декември 2022
ЕУР	61.4950	61.4932

ПРИЛОГ 1 – ПОЛУГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ за 2023 година

ПРИЛОГ 2 – ГОДИШНА СМЕТКА

ЕМБС: 05450411
Целосно име: Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Сметка на органи на управа други органи од нестопанство - 603, 637
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

Биланс на приходи и трошоци

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039)	861.536.124,00			1.007.119.718,
2	- - а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (003+004+005+006)	42.967.310,00			48.499.275,
3	- - Плати и надоместоци	30.427.378,00			34.344.170,
4	- - Придонеси за социјално осигурување	11.801.932,00			13.355.105,
6	- - Надоместоци	738.000,00			800.000,
12	- - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019)	54.721.886,00			91.264.236,
13	- - Патни и дневни расходи	500.000,00			1.000.000,
14	- - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.000.000,00			1.000.000,
15	- - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	600.000,00			1.000.000,
16	- - Поправка и тековно одржување	1.000.000,00			1.000.000,
17	- - Договорни услуги				1.000.000,
18	- - Други тековни расходи	51.621.886,00			86.264.236,
33	- - е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038)	763.846.928,00			867.356.207,
37	- - Разни трансфери	763.839.287,00			867.227.810,
38	- - Исплати по извршени исправи	7.641,00			128.397,
44	- - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ (од 045-054)	658.594.406,00			937.810.000,
46	- - Градежни објекти	3.820.606,00			40.332.147,
47	- - Други градежни објекти	653.632.009,00			894.927.853,
50	- - Вложувања и нефинансиски средства	1.141.791,00			2.550.000,
59	- - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055)	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
67	- - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
88	- - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092)	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
89	- - Трансфери од други нивоа на власт	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
103	- - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102)	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
105	- - В) ВКУПНО (103+104=067)	1.520.130.530,00			1.944.929.718,

106	- - Г) ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ: Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број)	86,00			81,

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
111	- - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123)	6.699.386.920,00	8.370.623.982,00	776.411.595,00	7.594.212.387,
112	- - I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	86.982.393,00	159.037.616,00	88.010.203,00	71.027.413,
113	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА	1.703.825.151,00	1.703.825.151,00		1.703.825.151,
114	- - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121)	1.609.377.200,00	2.520.400.946,00	688.401.392,00	1.831.999.554,
115	- - Градежни објекти	1.506.918.183,00	1.975.738.834,00	520.074.675,00	1.455.664.159,
117	- - Опрема	49.032.538,00	214.082.838,00	168.326.717,00	45.756.121,
118	- - Повеќегодишни насади	1.423.765,00			
120	- - Други материјални средства	412.321,00			
121	- - Аванси за материјални средств	51.590.393,00	330.579.274,00		330.579.274,
122	- - Материјал.сред.во подготовка	3.299.202.176,00	3.987.360.269,00		3.987.360.269,
124	- - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146)	140.355.296,00	721.268.257,00		721.268.257,
140	- - IV. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	82.403.991,00	337.575.947,00		337.575.947,
142	- - VI. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ	2.818,00	2.818,00		2.818,
146	- - Други активни временски разгарничувања	57.948.487,00	383.689.492,00		383.689.492,
159	- - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158)	6.839.742.216,00	9.091.892.239,00	776.411.595,00	8.315.480.644,
160	- - ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-АКТИВА	87.500.992,00	87.500.992,00		87.500.992,
161	- - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163)	6.699.386.920,00			7.594.212.387,
162	- - Државен -јавен капитал	6.699.386.920,00			7.594.212.387,
173	- - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198)	140.355.296,00			721.268.257,
175	- - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179)	54.359.258,00			321.933.684,
176	- - Обврски спрема добавувачи во земјата	54.359.258,00			321.933.684,
189	- - д) Обврски спрема државата и други институцииза (190 до 194)				57.352.182,
190	- - Обврски за данок на додадена вредност				57.352.182,
197	- - ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	3.589.229,00			4.403.626,
198	- - з) Пасивни временски разграничувања	82.406.809,00			337.578.765,
200	- - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199)	6.839.742.216,00			8.315.480.644,
201	- - ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА	87.500.992,00			87.500.992,

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година

613	- - Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права	115.451.481,00			127.360.440,
614	- - Вредносно усогласување (ревалоризација) на патенти, лиценци, концесии и други права	31.677.177,00			31.677.177,
615	- - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на патенти, лиценци, концесии и други права	60.146.265,00			88.010.203,
616	- - Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права (< или = на АОП 112 од БС)	86.982.393,00			71.027.413,
637	- - Земјиште				1.703.825.151,
639	- - Сегашна вредност на земјиште (< или = АОП 113 од БС)				1.703.825.151,
657	- - Антиквитети и други уметнички дела	412.321,00			
659	- - Обврски за плати и надомести на плати (< или = на АОП 197од БС)	3.589.229,00			4.403.626,
660	- - Обврски за нето плати (< или = на АОП 197од БС)	2.402.127,00			2.918.735,
662	- - Даноци од плати и надомести (< или = на АОП 197од БС)	186.200,00			249.026,
663	- - Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС)	1.000.902,00			1.235.865,
664	- - Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР)	599.001,00			762.898,
665	- - Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР)	90.815,00			1.877,
666	- - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР)	206.305,00			219.071,
667	- - Горива и масла (< или = на АОП 014 од БПР)	35.631,00			16.154,
672	- - Провизија за платен промет и банкарска провизија (< или = на АОП 017 од БПР)				12.000,
673	- - Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = на АОП 017 од БПР)				606.614,
674	- - Осигурување на недвижности и права (< или = на АОП 017 од БПР)				381.386,
677	- - Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР)	51.621.886,00			86.264.236,
685	- - Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР)	1.520.130.530,00			1.944.929.718,
688	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	86,00			81,

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2548	- 84.13 - Управување и давање помош за поуспешно деловно работење				1.944.929.718,

Потпишано од:

VALENTINA LEKOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTr
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар

МАКЕДОНИЈА
MAQEDONISE SE VERIUT
...индустриски развојни зони
...zonave teknologjike industriale

Бр.N 01-442/1

28.02.2024 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2023 година

за буџетска сметка 637

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во 2023 година ги оствари следните приходи

1.Вкупни остварени приходи од буџет за 2023 година **1.944.929.718,00**

2.Вкупни расходи за 2023 година **1.944.929.718,00**

401110	Нето плати функционери	2.478.172
401120	Нето плата државни службеници	16.303.925
401130	Нето плата	12.904.598
401310	Персонален данок од плати	2.568.595
401320	Персонален данок на доход	88.880
401	**Вкупно**	**34.344.170**
402110	Основни придонеси за ПИО	8.966.997
402210	Основен придонес за ЗО	3.577.286
402220	Придонес за Професионално заболување	238.470
402310	Придонес за Вработување	572.352
402	**Вкупно**	**13.355.105**
404110	Надомест за годишен одмор	800.000
404	**Вкупно**	**800.000**
420120	Патување во земјата патни расходи	1.333
420220	Патување во странство-Патни расходи	873.267
420230	Патување во странство	125.400
420	**Вкупно**	**1.000.000**
421110	Електрична енергија	111.597
421120	Водовод и канализација	1.877
421190	Други комунални такси и услуги	568.362
421210	Централно греење	82.939
421310	Пошта	11.831
421320	Телефон и телефакс	135.732
421390	Други трошоци за комуникација	71.508
421410	Горива и масла (моторни возила)	16.154
421	**Вкупно**	**1.000.000**
423110	Канцелариски материјали	199.691
423120	Списанија, весници и други изданија	148.742
423190	Други административни материјали	5.900
423210	Ленти,касети,тонер,кертриџ и др.за аоп	100.866
423710	Трошок на хигиенски средства	168.001
423810	Ситен инвентар	360.233
423830	Резервни делови	16.567
423	**Вкупно**	**1.000.000**
424110	Поправки сервисирање на лесни возила	5.664
424210	Одржување на згради	293.466

424390	Одржување на други градби	575.377
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	111.864
424430	Поправка и одржување на машини	13.629
424	**Вкупно**	**1.000.000**
425130	Изнајмување на др.тип на простор	12.000
425230	Осигурување на вработени	10.000
425250	Осигурување на недвижности и права	279.914
425260	Осигурување на моторни возила	91.472
425310	Правни услуги	171.478
425910	Преведувачи	19.638
425970	Консултантскиуслуги	219.618
425990	Др. Договорни услуги	195.880
425	**Вкупно**	**1.000.000**
426410	Објавување на огласи	3.800.397
426990	Други оперативни расходи	82.463.839
426	**Вкупно**	**86.264.236**
464990	Други трансфери	861.976.921
464910	Плаќање по судски решенија	5.250.889
464	**Вкупно**	**867.227.810**
465110	Главен долг по извршни решенија	126.897
465130	Трошоци по извршни исправи	1.500
465	**Вкупно**	**128.397**
481220	Набавка или нова изградба на деловни објекти	40.332.147
481	**Вкупно**	**40.332.147**
482120	Изградба на улици, патишта и автопати	31.921.041
482820	Изградба на капацитети во енергетика	3.622.518
482910	Подготвување проекти вклучувајки дизајн	5.259.177
482920	Изградба на други објекти	847.253.766
482940	Надзор над изградбата	6.871.351
482	**Вкупно**	**894.927.853**
485420	Надомест за одземен имот	2.550.000
485	**Вкупно**	**2.550.000**
	Вкупно расходи	**1.944.929.718**

Во текот на 2023 година ДТИРЗ ги нема подмирено обврските спрема следните добавувачи

Макпетрол	49.094
Бране	10.856
Комунална Хигиена	2.985
Македонски Телеком	144.050
Жикол	4.468.192
Геинг	76.691
Серта	372.290
Евн Македонија АД Скопје	178.763
ЈП Водовод и канализација	2.915
ЈКП Водовод -Н. Илинден	2.507
СОС Детско село	25.000
Неотел	47.908

Офис плус	885
ГИМ	1.127.041
АД Осигурителна полиса	22.393
ЈП Исар Штип	1.442
Стентон градба	34.445.533
ЈП Градски паркинг	12.000
Рики Јуниор	7.481
ТЦИ Еуроцерт	225.970
ЈП Водовод и канализација Струга	218
Електрософт инженеринг	88.500
Урбан деливери сервис	38.633
МГИ Инвест	22.934.587
Книгоприма консалтинг	97.940
Инфинити клининг груп	304.558
ЕСМ снабдување со топлотна енергија	153.219
Алфа геодет	31.471
Бими Македонија	592.502
Биро за процена	10.620
Вагар Гапе	29.500
Логос плус АБЦ	1.225
ВКУПНО ОБВРСКИ	**65.506.969**

Изготвил

Милица Јаневска

Управен одбор
